РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1841/7
16-01-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 98-мата седница одржана на 11.01.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-1854/1 од 09.03.2022 година, оформен по доставена пријава со наводи за попречување на именување на член на Управниот одбор на ЈОУДГ /// - /// од страна на Советот на Општина ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување - околностите на состојбата за којашто е поднесена пријавата се променети и истата е надмината.

Предметот со број 12-1854/1 од 09.03.2022 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител на ден 09.03.2022 година поднесена е пријава со наводи за попречување на именување на член на Управниот одбор на ЈОУДГ /// - /// од страна на Советот на Општина ///, и оформен е предмет број 12-1854/1 од 09.03.2022 година.

Според наведеното во пријавата, на седница на Советот на Општина /// закажана за 31.01.2022 година, како точка 32 на дневниот ред било поставено Решение за разрешување и именување на член во Управниот одбор како претставник од установата во ЈОУДГ /// - ///, за која точка подносителот смета дека без законска основа и издржано образложение била тргната од Дневниот ред, а во насока на попречување на именувањето на член на Управниот одбор заради оневозможување на услови за носење на одлуки од страна на Управниот одбор.

Подносителот во пријавата наведува дека членовите на Советот на Општина /// на посочената седница истакнале дека предложениот член на Управниот одбор на установата како претставник на установата не бил избран од сите вработени како што е пропишано со членот 130 став 4 алинеја 3 од Законот за заштита на децата.

Во пријавата доставена до ДКСК е содржана информација дека известувањето е доставено и до Државниот инспекторат за труд, Подрачно одделение ///, до Министерството за труд и социјална политика и до Народниот правобранител на Република Северна Македонија.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барања за прибирање податоци и информации до Државниот инспекторат за труд, до Министерството за труд и социјална политика и до Народниот правобранител.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени на барање на ДКСК утврдена е следната фактичка состојба:

По задолжување на инспектор од Секторот за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата при Министерството за труд и социјална политика, на ден 01.03.2022 година во ЈОУДГ /// - /// бил извршен вонреден инспекциски надзор при што бил составен записник бр./// од 02.03.2022 година.

Врз основа на фактичката состојба утврдена во Записникот до градоначалникот на Општина /// било доставено Укажување за постапување број /// од 04.03.2022 година, со кое било укажано дека Советот на Општина /// постапил спротивно на членот 114 став 16 од Законот за заштита на децата, и предлогот на Стручниот совет на ЈОУДГ /// - /// не го ставил на дневен ред на седницата на Советот, со што не ја извршил законската надлежност и оневозможил функционирање на органот на управувањето на установата. Поради тоа, било укажано Советот во рок од 7 дена да ја изврши својата законска надлежност, односно да го избере предложениот претставник за член на Управниот одбор на установата. Истовремено, било укажано и дека на Советот на Општина /// по сила на закон ќе му се одземе вршењето на соодветната надлежност доколку не постапи по даденото укажување во определениот рок, по што вршењето на одземените работи би го вршело Министерство за труд и социјална политика согласно член 201 од Законот за заштита на децата.

Со оглед на тоа што органите на Општина /// не постапиле по Укажувањето, односно на седницата одржана на 15.03.2022 година Советот на Општина /// со Заклучок бр./// не го усвоил Решението за именување/разрешување на член на УО како претставник од редот на вработените во установата, Министерството за труд и социјална политика донело Решение бр./// од 18.03.2022 година, со кое се одзема надлежноста на Советот и на градоначалникот на Општина /// за избирање и разрешување на член на Управниот одбор на ЈОУДГ /// - ///.

На 24.03.2022 година министерот за труд и социјална политика донел Решение број /// за разрешување и избирање на член на УО во ЈОУДГ /// - ///, по претходно доставена Предлог-одлука бр./// од 22.03.2022 година, за избор на претставник на установата за член на УО.

Во рамки на постапувањето по предметот ДКСК доби сознанија и за дејствијата кои во врска со случајот биле преземени од страна на Народниот правобранител. Имено, по примена претставка од директорката на ЈОУДГ /// - ///, Народниот правобранител оформил предмет. Сепак, со оглед на тоа што во меѓувреме состојбата во врска со основот на претставката – нееставање на точка на Дневен ред на Советот на Општина /// за избор на член во УО во ЈОУДГ /// - /// била надмината односно била ставена соодветна точка на дневниот ред по што била донесена одлука, а воедно од страна на Министерството за труд и социјална политика биле одземени надлежностите на Општината, Народниот правобранител оценил дека нема правен

основ за преземање дејствија кон Советот на Општината, за што била известена и подносителката на претставката.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека околностите на состојбата за којашто е поднесена пријавата се променети и истата е надмината, поради што ДКСК нема елементи за натамошно постапување согласно нејзините надлежности утврдени во Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси.

Следствено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: А.Р.М.
Одобрил: м-р В.Г.,член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик - претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk